# Радикално променета ЦРКВА на 21. век

**Наслов на оригиналот:**
The Revolutionized Church of the 21 Century
The Explosive Power of a Church
Built on Relationships
by Russel Burrill

**Превел:**
Илија Киров

**Јазична редакција:**
Мелита Томовска

**Коригирала:**
Весна Станковска

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Издава:**
АИК Знаци на времето

**Печати:**
„МАРИНГ“ - Скопје

Расел Барил

# *Радикално променета*
# ЦРКВА
# *на 21. век*

Експлозивната сила на Црквата која е втемелена
на меѓучовечките односи

*Како и во своите две претходни книги во оваа позната трилогија – „Револуција во Црквата“ (Revolution in the Church) и „Радикални ученици за радикално променета Црква“ (Radical Disciples for Revolutionary Churches) – авторот Расел Барил во оваа нова книга повторно предложува радикална промена во начинот на кој ние како христијани кои го чекаме второто доаѓање на Исус Христос, пристапуваме кон Црквата и како ја сфаќаме во секојдневниот живот.*

*Во својата прва книга, проповедникот Барил ги истражува библиски одредените улоги и односи меѓу проповедниците и верниците-лаици. Во својата втора книга, се сосредоточува на потребата новите обратеници да се вклучат како ученици во семејството на Црквата.*

*Сега, во „Радикално променета Црква на 21 век“, авторот се занимава со нашата итна потреба повторно да го стекнеме чувството за заедништво преку малите групи, втемелени на добро воспоставени меѓусебни односи.*

*Меѓутоа, ова не е само уште еден прирачник за тоа како да се водат малите групи. Ова е повик од срце – втемелен на историјата на првата христијанска Црква и на раната адвентистичка историја, со цел да направиме создавањето на малите, старателски и тесно поврзани групи да стане основно начело на организација  на нашите цркви.*

*Навистина, во светот, но и во нашата Црква – има толку многу мажи и жени кои копнеат за добри меѓусебни односи, кои се гладни и жедни за сигурно, грижливо место на кое ќе може да дојдат, да ги признаат и да ги споделат своите проблеми и недостатоци без страв од осуда и отфрлање.*

*Кога Црквата би била во состојба уште еднаш да ја развие застрашувачката и магнетно привлечна сила на овие мали групи, светот масовно би се приклучил да ужива во љубовта, поддршката и потврдата што би ја пронашол во нив.*

*Не постојат други книги, напишани во текот на последните децении, кои ѝ се толку итно потребни на Црквата што ја сакаме, како овие три кои ја сочинуваат оваа трилогија.*

# СОДРЖИНА


ЗА АВТОРОТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

ПРЕДГОВОР. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

1. НАЗАД КОН СВОИТЕ КОРЕНИ, НАПРЕД ВО ИДНИНАТА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16

2. ПОЧЕТОК НА ЗАЕДНИШТВОТО . . . . . . . . . . . . . . . . . 22

3. БОЖЈИТЕ НАСТОЈУВАЊА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЗАЕДНИШТВОТО. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30

4. ПОВТОРНО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЦРКВАТА КАКО ЗАЕДНИЦА ВТЕМЕЛЕНА НА МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46

5. ПЕДЕСЕТНИЦАТА ЈА ВТЕМЕЛИЛА ЦРКВАТА КАКО ЗАЕДНИЦА НА МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ. . . . . . 57

6. ПАВЛЕ НА СИТЕ СТРАНИ ОСНОВАЛ ЦРКВИ ВТЕМЕЛЕНИ НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ . . . . . . . . 66

7. ЦЕЛ НА ЕВАНГЕЛИЗАЦИЈАТА, ПРОПОВЕДАЊЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО. . . . . . . . . . . . . . 79

8. ОТПАД И ВРАЌАЊЕ КОН ЗАЕДНИШТВОТО. . . . . . . 88

9. АДВЕНТИЗМОТ И ДРУШТВЕНИТЕ СОСТАНОЦИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 100

10. ЕЛЕНА Г. ВАЈТ И МАЛИТЕ ГРУПИ . . . . . . . . . . . . . . 126

11. ВРАЌАЊЕ НА БИБЛИСКИОТ МОДЕЛ. . . . . . . . . . . . . . 136

# ЗА АВТОРОТ

Пасторот д-р Расел Барил со години дејствувал не само како проповедник и евангелизатор во многу делови на Соединетите Американски Држави, туку како мошне баран говорник и наставник.

Освен што одржува семинари за библиските пророштва за илјадници посетители во Соединетите Држави и Канада, како и во други прекуморски држави, Расел се наоѓа меѓу првите застапници на сегашното обновено нагласување за важноста на заедништвото и малите групи во Црквата, потоа црковните служби втемелени на духовните дарови и проповедање на евангелието од страна на верници – лаици.

Оваа книга е трета во трилогијата книги кои се занимаваат со револуционерните идеи за повторно „откривање“ на Црквата на Новиот завет и враќање на плановите и начинот на дејствување на првите адвентисти, чекатели на второто Христово доаѓање.

# ПРЕДГОВОР

Зимата 1988 година седев обземен од восхит заедно со мноштво верници собрани на петтото од седумте богослуженија во Црквата на потполното евангелие кое го водеше пасторот Пол Чо, на островот Оида во Сеул, во Јужна Кореја. Дваесет илјади огнени следбеници на таа Црква ги соединија своите гласови, упатувајќи ги своите поединечни молитви. Иако ја сфаќав единствената разлика меѓу таа мегацрква и мојата мала месна црква, тоа не ме спречи да почувствувам некој вид духовно жалење и каење предизвикани од мислата дека мојата црква во Северна Америка не расте и не доживува такво искуство во градењето на Божјето царство како оваа што ја посетив.

Неколку извори на податоци укажуваат дека пасторот Пол Чо имал пристап до книгите на Елена Г. Вајт (*Евангелизам* и *Слуги на евангелието*) кога ги формулирал своите замисли со цел да основа најголема месна црква на оваа планета – која се гордее што има повеќе од 750 илјади верници и повеќе од 50 илјади водачи на мали групи кои се состануваат секоја среда навечер да добијат упатства за да работат на своето оспособување. Чо тврди дека неговата црква нема „задна врата“ преку која би поминувале верниците што го напуштаат заедништвото. Тој може да го негува ова уверување затоа што неговата црква е организирана според принципот на дејствување на верниците во рамките на малите групи. Верниците, како ученици, се поделени на повеќе од 50 илјади мали групи, наречени клетки. ДНК на тие мали групи претставуваат состојки на една потполно развиена црква, вклучувајќи го и образовното одделение кое ги оспособува и обучува верниците да ги придобиваат ближните за Христа од својот круг на пријатели и познаници во период од три до девет месеци по придружувањето на клетката.

Клетките имаат налог да се поделат кога ќе достигнат бројка од петнаесет поединци, но и двете новонастанати клетки се умножуваат и делат според истиот принцип. И така, секој нов обратеник си има свој пастир, своја група што го поддржува, но и служба која донесува плодови.

На прв поглед, често мислиме дека мегацрквите, како што е црквата на пасторот Пол Чо, немаат такви доктринални проблеми со какви што ние се соочуваме кога се трудиме да ги досегнеме потенцијалните обратеници. Според тоа, ние заклучуваме дека „на нив им е многу полесно да растат"!

Меѓутоа, во некои од тие цркви, барањата што им се упатуваат на верниците, со цел да се посветат на служба, се многу поголеми од оние што се упатуваат во нашата Црква. Прашањето гласи: „Дали е полесно да се прифатат доктрините и начинот на живот – или доживотно да се биде посветен на служба за придобивање обратеници во рамките на Црквата која е сочинета од мали и меѓусебно поврзани групи?" Во најмала рака, една мегацрква бара од своите верници да се вклучат во службата за да можат да останат во редовен и добар однос со својата Црква. Верништвото треба секоја година да се преиспитува за да види дали верниците ја извршуваат својата евангелска должност. Претпоставуваме дека при обратувањето верниците добиваат духовни дарови што им ги дава Светиот Дух за усовршување на Црквата. Доколку верникот не е вклучен во службата, се донесува заклучок дека тој не одговорил на повиците на Светиот Дух и дека не ја прифатил Неговата добрина. Таквите немаат никакви докази дека се придружиле на Христовото Тело, бидејќи во нивниот живот не покажуваат ниту еден дар на Светиот Дух. Оваа книга упатува предизвик на сите верници на Црквата на адвентистите на седмиот ден да се вратат на новозаветната Црква, втемелена на меѓусебните братски односи и на раниот адвентизам во кој постоеле „друштвени состаноци"!

Расел Барил, во својата книга „Радикално променета Црква на дваесет и првиот век" се придружува на храбрите пионери кои со своите пораки ја утврдиле Црквата на остатокот и ја насочиле на патот за придобивање на светот. Тој на верниците не им го упатува само предизвикот да станат Христови ученици и Негови работници, туку да постигнат и „коинонија" (заедништво) кое се наоѓа во релацискиот модел на новозаветната Црква, во кој христијанската заедница, сочинета од мали групи, ја негува црквата и го евангелизира светот не портпирајќи се на платеното свештенство. „А сите што веруваа, беа заедно и сè им беше заедничко... Го фалеа Бога и стекнуваа благонаклонетост кај сите луѓе. А Господ секој ден ги придодаваше спасените кон нивното мноштво" (Дела 2,44.47).

Иако десетици илјади часови и скоро две децении вниманието на старешините на Црквата го привлекуваа повисоките степени на организација на Црквата (област, унија, дивизија, Генерална конференција) како и потребата од нивна реорганизација, многу малку е направено да се реорганизира месната црква, која ја содржи молекулата на ДНК одговорна за растење на Божјето царство. За среќа, оваа книга претставува патничка карта за „враќање во иднината“ на која не ѝ е потребно да ги одразува идеите на современата американска мисла. Авторот можел да се потпре на најуспешниот модел кој му е познат на човекот –моделот на новозаветната дијаспора – модел кој ја посеал земјата со мноштво мали релациони групи кои ги негувале своите верници и, семејство по семејство, го евангелизирале светот. Расел Барил внимателно го следел револуционерниот структурен модел на месната црква од самиот негов почеток. Слично на вешт кројач, тој ги довел во хармонија библискиот и историскиот пример, кои се поврзани и потврдени со несоборливите изјави на Духот на пророштвото.

Мошне е интересен начинот на кој писателот ја опишува улогата на проповедникот како тренер и снабдувач, кој ги оспособува верниците–лаици да се грижат за себе во рамките на малите групи, додека тој основа нови цркви и го проширува Божјето дело во дотогаш недосегнати подрачја. Улогата на проповедникот не е само да држи проповеди, туку и да ги оспособува верниците. Оваа книга има потенцијал не само да ја реорганизира црквата, туку „повторно да го пронајде“ проповедникот. Значи, авторот има прекрасна сигурносна мрежа која ги штити овие замисли од каква било друга визионерска шпекулација. Таа е цврсто втемелена на Писмото, потврдена со списите на Духот на пророштвото, кои кажуваат каква е улогата и функцијата на проповедникот. Исто така, таа се разликува од оние коишто денес може да ги видиме во нашите месни цркви.

Според тоа, на кој начин толку далеку сме заталкале во својата еклезиологија? Авторот извршува мошне драгоцена работа следејќи мноштво наши обичаи како и религиозни парадигми кои се воведени во четвртиот век кога царот Константин Велики се придружил на христијанството и во него ги вовел своите римски еклезиолошки системи. Еден од тие системи била институционалната црква која ги распуштила релационите заедници на малите групи,

кои цветале триста години од деновите на апостолите. Друг систем е доминацијата на свештенството, кое го отфрлило сеопштото свештенство на верниците, односно замислата дека секој верник е воедно и свештеник. Сето тоа создало класа на набљудувачи кои немале право да служат, па дури ни да го читаат Светото Писмо. Таа предност била резервирана само за свештенството. Спореден производ на таа промена е нагласувањето на верниците дека проповедникот „не ги храни“. Освен тоа, тука е и синдромот 80/20, кој истражувачите на историјата на црквата го прогласуваат за едно од најголемите зла од кои боледува христијанството – зависни верници, бидејќи 80% од верниците очекуваат да бидат хранети и негувани од 20% професионалци и платени свештеници.

Барил не се притеснува да ги потсети читателите на оваа книга дека ересите на тајните во Вавилон не се однесуваат само на доктрината туку и на структурата и праксата. Првобитните доктрини кои немале соодветни структурни носители кои би ги однеле во светот, Божјето дело го спречуваат исто толку сигурно како и лажните доктрини кои непречено се шират.

Повикот „Излезете од Вавилон!“ кој е упатен во оваа книга, е повик да ги отфрлиме доктриналните ереси, во однос на структурата на месната црква, која ја неутрализирала релационата структура на малите групи и го прифатила институционалниот план и програма кои биле наметнати во христијанството од страна на римската Црква.

Доколку феноменот „Движење на мобилната Црква“, кој се појавува на сцената на настаните, навистина претставува „втора протестантска реформација“, која е опишана од Вилијам Бекам во неговата книга „Втора реформација“ (William Beckham, The Second Reformation), тогаш појавувањето на структурата на малите релациони групи за адвентизмот претставува „трета реформација“. Значи првата се појавува во 1517. година, втората во 1844. година, а третата денес. Тоа никаде не е толку очигледно изразено како во книгата што сега ја читате. Расел Барил извршил одлична работа изнесувајќи ја историјата од адвентистичките корени во методизмот па сè до раната еклезиологија која ја создала адвентистичката верзија на малите групи на Џон Весли и одделението на неделното училиште. За разлика од Џонатан Едвардс и Џорџ Вајтфилд, кои биле силни проповедници за пробудување на верата во осумнае-

сеттиот век, Џон Весли ја поставил организационата метода на малите релациони групи која станала едно од највредните наследства и практики присутни се до смртта на Елена Г. Вајт. За прв пат во една революционерна Црква, оваа поврзаност е разоткриена во контекст на денешната структура на месната црква.

Авторот на своите читатели им ги објавува „друштвените состаноци", за кои толку често зборува Елена Г. Вајт. Во следната глава ќе дознаете зошто тие состаноци биле сметани за многу поважни од богослуженијата и проповедањето на богослуженијата. Ќе биде интересно да се забележи колку огнено Елена Г. Вајт ја застапувала замислата за состаноците на малите релациони групи, кои верниците ги нарекувале „друштвени состаноци". Таа зборува дека тие се одржуваат во разни делови од светот, на заседанијата на Генералната конференција, и во нашите болници. Таа поставува барање секој верник да присуствува на тие состаноци и да ја извршува својата задача. Ниту едно богослужение придружено со проповедање не било потполно доколку подоцна не се одржувале „друштвени состаноци". На кој начин ваквото собирање би можело да се вклопи во распоредот на денешната Црква? Читај понатаму!

Присуствував на седница за стратешко планирање на која познатиот Лејленд Кајзер, водечки футурист, кој случајно беше и адвентист, ја повика групата да направи пресврт во своите претпоставки за да можат да согледаат нови патишта во поглед на иднината. Тој кажа: „Вие не можете да бидете визионери доколку не направите пресврт и не ги отфрлите своите претпоставки!" Овде наоѓаме некои примери на пресвртница во претпоставките – на пример, за доаѓањето на луѓето во црква. Нова мисла – црквата им излегува во пресрет на луѓето! Уште една – да се прошири црквата! Нова мисла – да се стесни црквата! Верувале или не, оваа книга опишува пресврт и отфрлање на претпоставката за проширување на црквата. Тоа не значи дека станува збор за намалување на бројот на верниците. Тоа значи да го намалиме збирот на нејзините делови на најмал заеднички именител т.е. на мали релациони групи.

Тоа е начинот на кој дејствува природата. Таа ги префрла функциите на најмалиот функционален дел. Според тоа, сечењето на хартијата не се врши во мозокот туку во клетките кои се наоѓаат на местото на кое се сретнуваат ножиците и хартијата. Може да звучи будалесто да ја стеснуваме црквата за да може да расте, но тоа е

стратешката формула на Новиот завет. Кога римскиот систем ја проширил црквата од мали релациони групи и ја претворил во катедрала полна со народ кој зависи од мал број елитни свештеници, црквата ја изгубила својата огненост, и тогаш во неа почнало да се вовлекува постепеното ладење на Лаодикеја. Расел Барил, во извесна смисла, предложува да ги пренасочиме своите претпоставки со тоа што ќе ја стесниме црквата во мали релациони групи кои ќе ја имаат ДНК молекулата на Христовата мисија или, во најмала рака, повторно да ги воведеме релационите аспекти на Новиот завет во денешната Црква. Иако идеалните структури прикажани во оваа книга се вообличени по примерот на првата Црква, авторот нуди опции кои ги земаат во предвид различните степени на подготвеност за иновација, дури и тогаш кога замислите се потврдени во Библијата и во списите на Духот на пророштвото. Оваа книга е чувствителна кон сето тоа, но сепак, заради рамнотежа, авторот признава дека може да се појави отпор кога се внесува нова парадигма.

Оваа книга ќе предизвика многу прашања. Меѓутоа, ќе има малкумина кои ќе можат да упатат вистински предизвик на нејзините библиски и историски темели како и на сведоштвата на Духот на пророштвото кои одат во нејзина полза. Таа е револуционерна навреда за американскиот индивидуализам, кој не е наклонет на релационите парадигми. Во согласност со тоа, таа ја загрозува културата на западното општество. Оние кои ќе ги читаат овие страници и кои ќе бидат способни да ги применат нивните замисли, ќе бидат во чекор со најголемата религиозна ренесанса на сите времиња. Таа изнесува истакнати паралели со откритието што го направиле Јапонците кога Американецот по име Едвард Деминг ја прикажал замислата за „севкупна квалитетна управа“. Корпорациска Америка ги отфрлила идеите на Деминг, па тој им ги објавил на Јапонците. Јапонците ги прифатиле и ги примениле неговите замисли, заедно со нешто што тие го нарекувале „круг на квалитетот“ – мали релациони самоуправувачки групи, образувани за да се зголеми вредноста на произведената стока. Овие мали групи воедно ја зголемувале вредноста на произведената стока и разменувале идеи на кој начин да ја унапредат во однос на претходниот ден. Оваа замисла довела до нулта ниво на грешки и на тој начин една земја, која не била поголема од државата Монтана, ги презела

најголемите светски пазари на Соединетите Држави како и на останатите западни земји.

Книгата со наслов „Уметноста на јапонскиот систем на управување“ (The Art of Japanese Management) тврди дека влијанието на римската Црква на управувачките структури на западното општество ѝ дозволило на Јапонија, која не била под тоа влијание, да биде многу поотворена кон иновативните пристапи. Јапонците биле способни да размислуваат независно од општоприфатените сфаќања – да ги пренасочат своите претпоставки и да го преземат водството во третата светска војна т.е. во економската војна.

Книгата „Радикално променета Црква на дваесет и првиот век“ зборува за ослободување од темнината на парадигмите во кои Рим го затворил целокупното западно општество, не само со тоа што влијаел на нашата економска продуктивност, туку и со тоа што нè оковал во хиерархиска пирамидална структура која не остава никаков простор за релационо самоуправување со малите групи. Тој нè замрзнал во „американскиот индивидуализам“ – во санта која се спротивставува на самото спомнување на нешто што потсетува на она што го гледаме во првите десет глави од Делата на апостолите. Овој индивидуализам наведува на критицизам, од кој се раѓа сепаратизам, трибализам, национализам и расизам.

Доколку, при читањето на овие страници, забележите нешто што ви изгледа наопаку, свртено наглавечки, имајте на ум дека и Галилеј ја поставил целата вселена свртена наопаку – и бил во право. Исус бил еден од најголемите мислители кои го свртеле светот наопаку. „Не носете во појасите ваши злато, ни сребро, ниту бакар, ни торба за пат, ни двојни алишта, ниту обувки, ниту стап; зашто работникот ја заслужува својата награда... не грижете се како или што ќе зборувате... а кој ќе го загуби животот свој заради Мене, повторно ќе си го најде“ (Матеј 10,9-39).

*Олдвин Хамфрис*

# НАЗАД КОН СВОИТЕ КОРЕНИ, НАПРЕД ВО ИДНИНАТА

Замислете ја црквата на адвентистите на седмиот ден во 2020-та година, се разбира, доколку Христос дотогаш не дојде! Како ќе изгледа? Дали таа ќе биде Црква оживеана и засилена со Светиот Дух, која верно ја исполнува мисијата што ја добила од Христа? Како ќе се однесува таа? Црквата оживеана и засилена со Светиот Дух ќе остане верна на своето адвентистичко наследство и верување, но ќе се усогласува со светот што сака да го досегне. Според тоа, можеби таа ќе се однесува поинаку од многу денешни адвентистички цркви, но ќе остане верна на нашата вест и мисија.

Адвентизмот настанал како библиско движење. Нашето наследство е длабоко вкоренето во Писмото. Нашата Црква мошне брзо расте во светот, благодарение на силното нагласување на библиските учења. Раниот адвентизам ја темелел својата вера и учење исклучиво на Светото Писмо. Првите пионери настојувале да подигнат Црква која според своето однесување ќе биде библиска. Со други зборови, тие настојувале да основаат Црква не само втемелена на исправни учења, туку и Црква која ќе ја прифати праксата и организацијата на новозаветната Црква.

Интересно е тоа што првите адвентисти не се обидувале само да ја имитираат новозаветната Црква, туку совесно се труделе да ја изградат врз темелот на новозаветните начела, кои кажуваат како таа треба да живее. Што се однесува до учењето на Црквата, Современиот адвентизам се обидел да остане верен на своето библиско наследство, но дозволил небиблиските обичаи да се вовлечат

во нашите цркви и да одредуваат како таа ќе се однесува и ќе дејствува. Во желбата да не се разликуваме многу од останатите протестантски Цркви, ние едноставно сме ги копирале нивните системи и сме ги примениле во нашата Црква. Како последицата на тоа, денес ги имаме истите проблеми што ги имаат повеќето традиционални протестантски Цркви – на богослуженијата присуствуваат само половина од верниците, нивото на дарови се намалува, верниците дејствуваат со ниско ниво на посветеност и преданост, а проповедниците се среќни ако верниците едноставно се појават во молитвениот дом во сабота претпладне.

Затоа сега е време повторно да погледнеме на кој начин „се занимаваме со Црквата" во адвентизмот. Многу месни цркви имаат очајна потреба од подмладување. Последица е што слушаме најнови модерни предлози и се обидуваме да ги примениме во својата црква. Некои предлози се добри, додека некои претставуваат очајни промашувања. Наместо да ги прифаќаме најновите идеи за поправање на состојбата, многу подобро би било да го истражуваме Светото Писмо и списите на Духот на пророштвото т.е. своето адвентистичко наследство, за да го откриеме Божјиот план како треба да се однесуваме како Црква.

Затоа, улога на оваа книга ќе биде да ги истражи библиските погледи и да го пронајде начинот на кој Бог сака Црквата да дејствува со цел да понуди предлози за создавање радикално променета Црква, која е верна не само на учењата на Светото Писмо, туку и на начелата на кои била втемелена праксата во првата Црква. Двете претходни книги во оваа низа, „Револуција во Црквата" и „Радикални ученици за радикално променета црква" поставија темел за сликата што сакаме да ја нацртаме во оваа книга: Црква замислена да дејствува според новозаветниот темел преточена на Црквата во дваесет и првиот век. Токму затоа мораме да се вратиме на своите корени доколку сакаме да тргнеме напред во иднината.

## ФЕНОМЕНОТ НА МАЛИТЕ ГРУПИ

Во текот на последните неколку години, феноменот на малите групи се прошири долж Северна Америка и по целиот свет.

И во крилото на Црквата на адвентистите на седмиот ден, но и во други деноминации, настана движење кое навистина ја преобрази Црквата и светот. Многу адвентистички месни цркви започнаа процес на „повторно откривање“ на своите цркви преку малите групи. Национална конференција на молитвени и мали групи се одржува најмалку еднаш годишно, а многу регионални конференции редовно се одржуваат. Навистина, мора да признаеме дека во рамките на Црквата на адвентистите на седмиот ден постои жива заинтересираност за малите групи. Сепак, зачудува што многу малку внимание било посветено на адвентистичко-теолошкото и историското сфаќање на поимот мали групи. Покрај изобилството книги за малите групи во Црквата на адвентистите и надвор од неа, многу малку се пишувало за библискиот темел на службата на малите групи. Мноштво прирачници ни стојат на располагање. Целокупната механика за успешно водење на малите групи, обучување добри водачи на малите групи може да се пронајде во секоја од адвентистичките или другите христијански книжарници.

Целта на оваа книга не е умножување на прирачниците. Читателот добива совет да прегледа многу книги и прирачници кои веќе постојат на ова подрачје. Наместо тоа, целта на оваа книга е да се испитаат библиските причини за основање и дејствување на малите групи. Ние адвентистите себеси се сметаме за библиски христијани, зборуваме дека сè што веруваме и правиме го темелиме на Светото Писмо. Токму затоа разочарува фактот дека сме прифатиле навики и обичаи кои се лишени од основните теолошки поставки. Според тоа, дали сме се качиле во веќе постоечкиот заеднички воз или работата на малите групи е движење длабоко вкоренето во начинот на кој Христос сака да дејствува Неговата Црква?

Освен библиската перспектива, ние адвентистите имаме и предност да ги проучуваме своите историски корени и да откриеме дали тоа подрачје на црковниот живот е навистина подрачје што нашите пионери, особено Елена Г. Вајт, го нагласувале. Затоа темелно ќе го разгледаме не само библискиот темел за службата на малите групи, туку и историскиот почеток на адвентизмот во однос на малите групи како начин на дејствување на Црквата. Освен тоа, ќе проучиме и многу изјави на Елена Г. Вајт кои

се занимаваат со службата на малите групи. Потоа ќе предложиме чекори кои како адвентисти треба да ги преземеме на подрачјето на службата на малите групи за да се вратиме на своите библиски и историски корени. Се надеваме дека тоа проучување ќе ни овозможи да согледаме како треба да изгледа една радикално променета Црква на дваесет и првиот век.

Кога зборуваме за адвентизмот во оваа книга, авторот првенствено се повикува на западниот адвентизам (адвентизмот во западните земји), особено на северноамериканскиот адвентизам, наместо на адвентизмот на третиот свет. Во Северна Америка неколку месни цркви направиле пробив и создале вистинско „заедништво“ преку малите групи. Меѓутоа, претежното и поголемо мнозинство месни цркви кои ги прифатиле малите групи едноставно ги додале кон веќе пренатрупаните програми на месните цркви. Последица на сето тоа е што малите групи не станале начин на кој живее Црквата во Северна Америка. Конечна последица е дејствување на малите групи некое време, а потоа исчезнување од пренатрупаната програма, во која стануваме уште поразочарани и понеподготвени да испробаме нешто ново.

Писателот е длабоко уверен дека суштината на сето она што се однесува на малите групи е срцевина и на сѐ она што се однесува во самата Црква, односно заедништвото. На малите групи не треба да се гледа како лек против сите болести. Тие нема да ја спасат Црквата што умира или да ја подмладат онаа што пропаѓа. Само Светиот Дух може да внесе промена во нашата Црква. Меѓутоа, малите групи можат да станат основно средство да се осигура излевање на Светиот Дух. Единствено присуството на Исус Христос може да ги преобрази луѓето, а Неговото присуство се покажува преку Светиот Дух, кој овозможува растење на поединците и остварување на мисијата на Црквата преку заедницата на малите групи.

Грубиот американски индивидуализам е наклонет да ги наведе Американците да помислат дека можат да му служат на Бога без никаква поврзаност со некоја заедница на верници. Многу често писателот слушал поединци на евангелски состаноци како изјавуваат дека веруваат во Божјата порака, но не сакаат да се соединат со која било Црква. Всушност, еден истражувач тврди де-

ка 80% од американските христијани веруваат дека можат да бидат добри христијани без да пристапат кон ниту една Црква (1). Како што ќе покажеме подоцна таквото гледиште, било потполно неприфатливо за христијаните на првиот век.

Можно ли е вклучувањето во заедница на верници да е она што денес навистина им е потребно на повеќето американски христијани? Наместо да претставува само една опција за христијаните, тезата на оваа книга е дека не може да се биде христијанин а да не се биде дел од некоја христијанска заедница. Во реалноста изолираните христијани не можат да бидат библиски христијани, иако нивното име е запишано во матичните книги на нашите цркви. Заедништвото не се стекнува со запишување во матичната книга на верници, но не може да се стекне ниту без запишување во неа. Старателските заедници во кои луѓето вистински можат да си служат еден на друг претставуваат темел на кој може да се изгради целокупната вистинска мисија на адвентистичките месни цркви во почетокот на новиот милениум.

Современите адвентистички цркви станале толку зависни од проповедникот, што без него во повеќето цркви не е можна никаква вистинска мисија. Како последица на тоа, ние имаме подгрбавено, фрустрирано свештенство, од чии редови секоја година си заминуваат многу одлични проповедници. Предизвиците на проповедничката служба додека влегуваме во дваесет и првиот век не можат да се задоволат со тоа што ќе бараме од проповедниците да станат повешти во многу нови подрачја на своето дејствување. Навистина не е потребно да додаваме нови маки на нивните неволји. Ние треба да ги намалиме нивните проблеми и да ги ослободиме за служба на која Бог ги повикал. Карл Џорџ, советник за раст на Црквата, добро ја опишал потребата на повеќето адвентистички месни цркви:

„Покажете ми голема месна црква која е сосредоточена на проповедникот и брзо ќе сфатите дека свештеникот е многу уморен. Ако покажете голема месна црква со активни верници, едноставно организирана, во која свештеникот не е потполно исцрпен затоа што мора да заврши толку многу нешта, тогаш јас ќе ви покажам црква која нема да престане да расте бидејќи е во состојба

совршено да се грижи за луѓето коишто преку неа Бог ги повикал во нов живот”. (2)

Дали малите групи претставуваат одговор? Не, но тие можат да бидат едно од средствата што можат да се употребат со цел Црквата радикално да се промени. Првенствена цел на малите групи е да создадат заедништво кое се грижи и кое се труди да го проповеда Христа на оние што не го познаваат. Писателот верува дека еден од најдобрите начини да се постигне тоа, е преку создавањето и службата на малите групи. Развивањето на грижливо заедништво како основа за извршување на мисијата што Христос ѝ ја доверил на Црквата ќе биде предмет на истражување во остатокот на оваа книга.

Преку страниците што следат, ќе го истражуваме библискиот темел на малите групи онака како произлегува од извештаите на Стариот завет, од службата на Исус Христос, и од видот на месни цркви кои биле основани од апостол Павле. Потоа ќе го истражуваме нашето методистичко наследство, од кое нашите пионери го позајмиле најголемиот дел од првобитните начини на кои ја организирале Црквата. Истражувањата на животот на првите адвентистички цркви и пророчките сведоштва на Елена Г. Вајт понатаму ќе ни помогнат да го разбереме Божјиот план преку кој Црквата на адвентистите на седмиот ден може да стане релациона Црква. И конечно, ќе предложиме можен модел за радикално променета Црква на дваесет и првиот век, модел во согласност со нашите библиски, историски корени како и со списите на Духот на пророштвото. Ајде да започнеме со Библијата!

## БЕЛЕШКИ:


(1) Gareth Icenogle, The Church in Ministry Through Small Groups, 1995.

(2) Carl F. George, The Coming Church Revolution (Grand Rapids: Revell, 1995) p. 35

# ПОЧЕТОК НА ЗАЕДНИШТВОТО

Човечките суштества по својата природа се социјални битија. Ние не сме создадени да живееме сами, туку да живееме во заедница со другите. Оваа потреба да се живее во заедништво има божествено потекло, и таа е всадена во секое човечко битие. Човечкиот род бил создаден според Божјиот лик, што ни покажува дека и бескрајниот Бог на вселената исто така живее во заедништво. Што открива Стариот завет за Бог кој живее во заедништво, но и за суштествата што ги создал да живеат во заедница едни со други?

Во текот на бескрајната вечност, Бог кој е откриен во Библијата отсекогаш постоел. Тој е монотеистички Бог, кој го создал небото и земјата. Сепак, „монотеизмот“ на нашиот Бог не е изразен во „единството“, туку во Тројството. Библискиот Бог никогаш не е претставен како осамено битие, туку како множина која е „едно“. Адвентистите, заедно со повеќето други христијани, за Бога секогаш зборувале како за Тројство. Трите личности на Тројството – Таткото, Синот и Светиот Дух – се три одвоени личности, но се едно во карактерот, единството и намерите. Ние не можеме да го разбереме „монотеизмот“ независно од множината на тој монотеизам.

Токму во таа смисла Божеството само по себе претставува една мала група. Всушност, проучувањето на Божеството и начинот на Неговото дејствување на најдобар начин ќе ни помогне да разбереме како треба да дејствуваат малите групи. Божеството е совршена заедница и тоа ни дава насока како може да се изразува вистинското заедништво. Како адвентисти, чувствуваме дека Бог нè повикал да помогнеме да се обнови Божјиот лик во луѓето. Ако навистина тоа е нашата мисија, тогаш мора да сфатиме дека Бо-

жјиот лик не може да се обнови сè додека не се обноват и меѓучовечките односи, додека луѓето не научат да живеат во заедница едни со други, исто како заедницата помеѓу Таткото, Синот и Светиот Дух. Во адвентистичкото сфаќање на мисијата е вградено обновувањето на заедништвото. Тоа треба да ги стави малите групи, кои го обновуваат заедништвото, во самиот центар на адвентистичката мисија.

Трите личности на Тројството не дејствувале независно при создавањето на светот. Ние често сме го опишувале Таткото како архитект, Исус како работник, а Светиот Дух како изведувач. Тројството како заедница дејствувало заеднички при создавањето на човечкиот род и сè што постои на оваа планета. Испитувајќи го Божјето дејствување во човечката историја ни станува јасно дека ниту една Личност од Тројството никогаш не дејствува осамено и независно од другите две Личности. Единството на единствениот Бог може да се види во совршениот склад на Неговото заедничко дејствување. Божеството е навистина совршена мала група која треба да ја имитираат сите мали групи.

Суштината на Бога е заедништвото. Бог не постои надвор од заедништвото. Во самата Божја суштина е скриена целокупната идеја за заедништвото. Никој не може вистински да го сфати Бога надвор од Неговото постоење во заедница. И како што Бог не постои сам, така не може да постои ниту Неговиот народ. Токму затоа Бог упатува повик да се формираат малите групи во кои луѓето ќе живеат во заедница едни со други. Во светот кој е уништен преку разорувањето на заедништвото, Бог сака во обратениот човечки род да ја обнови сликата на вистинското заедништво, бидејќи само тоа може да биде одраз на Бога кој живее во заедница. Не е можно да се обнови Божјиот лик во човештвото без обновување на заедништвото.

## СОЗДАВАЊЕ И ЗАЕДНИШТВО

Првата Божја активност поврзна со заедништвото на планетата Земја била создавањето, а посебно создавањето на човечкиот род шестиот ден:

„Потоа Бог рече: „Да создадеме човек според Нашиот образ, според нашето подобие како што сме Ние, кој ќе биде господар

над морските риби, над небеските птици, и над добитокот – над целата земја и над сите гадинки што лазат по земјата!“

„И Бог го создаде човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде“. (1)

Заповедно било кажано дека човечкиот род е создаден според ликот на триединствениот Бог. Човечкиот род бил создаден да живее во заедница, онака како што Бог живее во заедница. Употребата на множина, „според Нашиот“ за да се опише Божјиот лик го истакнува фактот дека Божјиот лик претставува заедница. Бог кој постои во заедница создал суштества кои треба да постојат во ист таков вид на „единство“, односно во заедништво.

Шестиот ден Бог ја зголемил својата мала група создавајќи ја новата двојка која требала да постои не само во заедница еден со друг, туку и во заедница со Бога. На тој начин, Божјата мала група пораснала на пет члена: Адам, Ева и триединствениот Бог. Штом бил создаден Адам, Бог знаел дека тој ќе биде „осамен“ и затоа му создал другар соодветен на него.

„И Господ Бог рече: „Не е добро за човекот да биде сам; да му создадеме помошник, сличен на него!“ (2)

„Не е добро за човекот да биде сам!“ Човечките битија не биле создадени да живеат сами, секој за себе. Тие биле создадени да живеат во заедница едни со други и со Бога. Тоа е суштината на вистинската заедница – човечки битија кои живеат во заедница едни со други и со Бога. Основна карактеристика на гревот е обидот да се живее независно од заедницата, да се живее во изолација од другите. Убавината на Едем се гледа во совршената заедница што постоела помеѓу Бога и човечкиот род. Човекот не е потполн без жена, бидејќи збирот на двајцата го претставува Божјиот лик. Мажот или жената како единки не го претставуваат Божјиот лик, бидејќи Бог е Тројство, а човечкиот род претставува минимум две суштества кои живеат во заедница еден со друг. Не постои вистински човечки род надвор од заедницата што го одразува Божјиот лик.

На оваа совршена заедница што ја создал, Бог и дал една јасна заповед: „Плодете се и множете се, и наполнете ја земјата!“ (1. Мојсеева 1,28) Во оваа прва „клетка“, која што Бог ја создал на самиот почеток од историјата на човечкиот род, Бог вградил генетски код за размножување. „Клетката“ постоела за да се размножува.

Вистинската заедница постои за да се размножува. Онаа заедница која не настојува да се размножува, самата себе се разурнува. Здравата заедница се размножува. Тоа е дел од нашиот генетски код што сме го наследиле од совршениот рај во Едем. Вградена во секое разбирање на малите „клеточни" групи таа претставува најосновна функција: здравите клеточни групи ќе се размножуваат, токму онака како што Бог и заповедал на првата „клетка" која била создадена да се размножува и да ја наполни земјата.

Ако е навистина Божја намера, како што адвентистите често изјавуваат, да создаде луѓе кои пред светот ќе го откриваат Божјиот лик, тогаш изгледа дека во суштината на адвентизмот мора да биде желбата уништеното заедништво да се обнови во заедница која ќе го открива Божјиот лик. Според тоа, Црквата на адвентистите на седмиот ден мора да биде во првите редови на секое движење што се обидува во разорените заедници да го обнови Божјиот лик. Не само што адвентистите мора да создаваат такви заедници, туку треба и да се потрудат тие да се размножуваат со цел да го зголемуваат бројот на здрави заедници.

Меѓу адвентистите владее силен независен дух. Дали е навистина можно адвентизмот, кој е роден во Америка, незабележително да го прифатил грубиот американски индивидуализам како сопствено евангелие? Дали ние, кои толку многу зборуваме за создавањето, сме пропуштиле да ја забележиме првобитната цел што Бог ја имал кога ги создал нашите прародители – да живеат во заедница едни со други и со Бога? Зошто ние, како адвентисти, се бориме еден против друг со цел да постигнеме личен успех, наместо да се бориме за успехот на заедницата? Џуди Горман добро забележала:

„Самозадоволството и личната независност која е карактеристика за нашата сегашна проценка на успехот е потполно туѓа за Божеството кое постои во меѓузависно заедништво". (3)

Ако треба да го одразуваме божествениот облик во нашата Црква, императив за тоа е да изградиме Црква што ќе го почитува заедништвото и ќе покажува подготвеност да живее приспособувајќи се едни на други во заедница според мерката во која таа заедница е подложна на Бога. Ние мора да ги отфрлиме наградите за поединечните достигнувања и да ја издигнеме замислата за групните достигнувања. Бог сака наместо во соперништво, да живееме во меѓусебна зависност. Замислата за меѓузависност во

заедницата е вкоренета во триединствениот Бог и во самото создавање кое го направил во „нашиот“ (множина) лик. Бог не создал општество од едно суштество, туку создал заедници. Бог кој живе во група, создал групи.

Практична последица на нашето гледиште за Бога како Создател на заедницата е да ја согледаме својата апсолутна потреба да живееме во заедница со другите христијани. Во таа смисла, не е можно да се биде христијанин и да се живее изолирано, бидејќи тоа значи да се живее одвоено од Божјиот лик и намера што ја имал за човештвото.

Често сме слушале како некој поединец истакнува дека може да се биде исто така добар христијанин и независно од Црквата. Меѓутоа, сфаќањето на функцијата на заедништвото како Божји лик прави таквото размислување да биде отфрлено. Не постои христијанство надвор од заедницата. Колку и да се обидуваат, луѓето никогаш не ќе можат да го обноват Божјиот лик во себе без да се вклучат во заедницата. Ова вклучување не значи само да се биде верник на некоја црква, ниту пак да се посетува истата. Вклучување во заедница значи да се живее во меѓусебна зависност со другите христијани. Горман тоа проникливо го опишал:

„Библиски... нам ни е неопходно заедништво за да може да ги оствариме своите настојувања да го одразуваме Божјиот лик. Таа свест за нашата меѓузависност со другите е дел од формата според која сме создадени. Ние никогаш нема да бидеме потполни ако не се даваме себеси на другите и ако не ја примаме од нив нивната посебност. За да бидат верниците во Христа треба да постои меѓусебен однос со другите делови од Неговото Тело“. (4)

## ЦЕЛТА НА БИБЛИСКОТО ЗАЕДНИШТВО

Бог навистина ја создал заедницата за да живее во неа, токму онака како што Тројството живее во заедништво. Тогаш, која е целта на заедништвото што Бог го воспоставил? Оваа цел може да се сфати единствено во светлината на Едем. Ние веќе забележавме дека една од битните цели на создавањето на тоа прво заедништво била размножувањето и репродукцијата. Едемската сцена отсликувала друга функција на првото библиско заедништво.

Шестиот ден Бог го создал човечкиот род. Кога првиот петок навечер сонцето исчезнало на Запад, Бог го објавил почетокот на својата сабота, седмиот ден. Тој ден Бог го одвоил седмиот ден како посветено време за одмор на човечкиот род и како време што луѓето ќе го поминуваат со Бога и едни со други. Како адвентисти многу сме зборувале за седмиот ден како ден за одмор, и сето тоа е добро, доколку во процесот на нагласување на важноста на денот не сме заборавиле да ја нагласиме и неговата цел.

Во пренатрупаниот распоред на современиот живот сме биле наклонети да ја нагласиме вредноста на саботниот одмор, како прибежиште од хаосот на современиот начин на однесување. И, како последица на тоа, многу сме зборувале за саботниот „одмор". Меѓутоа, првобитната функција на саботата не била одморот, и поради тоа не треба да се наоѓа во центарот на нашето денешно разгледување. Адам и Ева немале потреба од одмор. Тие не се занимавале со никаква работа. Нивниот прв ден во животот на Земјата била саботата. Нив им било кажано да престанат да се занимаваат со активностите и работата не за да се одморат, туку за да ја остварат својата заедница со бескрајниот Бог на целата вселена.

Давајќи ја саботата како дар на човештвото, Бог ја нарекува „моја сабота". Тоа не е сабота кога треба да се прославува човековиот одмор, туку тоа претставува ден кога се прославува божествениот одмор. Човечкиот род бил повикан да влезе во Божјиот одмор со тоа што ќе престане да се занимава со својата работа, како што Бог престанал да работи во седмиот ден. (Евреите 4,10) Зошто Бог ги повикал луѓето да влезат во неговиот саботен одмор? За да можат да поминат време во развивање на заедницата со Него и едни со други! На Адам и Ева им било потребно да го запознаат Бога кој ги создал. Поради тоа Тој ги повикал своите први 24 часа да ги поминат во заедница со Него.

Нашиот Бог е Бог на меѓусебните односи. Тој е Бог на заедништвото. Затоа, ние како христијани и верници на адвентистичката црква, кога ја нагласуваме саботата, императивно треба да зборуваме за функцијата на саботата како време дадено на луѓето во кое ќе можат да остварат близок меѓусебен однос со Бога. Токму затоа нашата порака за саботата му е толку потребна на денешниот свет – не само што забрзаната трка на човечкото општество бара ден за

одмор, туку и посебен ден во кој ќе се нагласува заедништвото. Во сабота Бог очекува од нас да се издвоиме од сите нарушени заедништва во кои мора да дејствуваме во текот на седмицата за да можеме да учествуваме во заедништвото што било обновено со врската што сме ја воспоставиле со Бога. Многу пати се случува човечка трагедија, затоа што заборааваме да го видиме вистинското заедништво што се воспоставува и развива во нашите цркви во седмиот ден. Многу пати откриваме дека луѓето го празнуваат седмиот ден, но потполно занемариле да ја изградат својата заедница со Бога и со другите христијани. Доколку некој не изградува таков однос во заедницата тој е крив за кршење на саботата.

Само да се празнува саботата како таква всушност значи дека таа воопшто не се празнува, бидејќи целта на саботата е развивање на заедницата со Бога во контекстот на заедништвото со другите христијани.

Бог го создал човечкиот род и луѓето не само да живеат во заедница едни со други, туку и да живеат во заедница со Бога. Освен тоа, Тој се погрижил за посебно време, одвоено уште во Едем, во кое човечкиот род ќе ја напушти нарушеноста и уништеноста на човечките работни заедници и ќе влезе во радоста на саботниот одмор, земајќи време да развие заедништво со Бога и заедништво со човечкиот род. Единствено во тој случај може да се обнови божествениот лик во човекот. Адвентистите, пред сите други христијани, треба да проповедаат и да ги прикажуваат последиците на животот во заедница со Бога и со луѓето во текот на седмиот ден.

Таквите заедништва не се развиваат во сабота наутро кога се наоѓаме во поголема група во црквата, ниту со слушање на проповедникот кој го објаснува Словото додека верниците го проучуваат вратот на оние што седат пред нив. Тоа би била антитеза на вистинското заедништво. Таквото разбирање на Бога и луѓето преку заедништвото во сабота укажува на тоа дека мора да се потрудиме да откриеме нов начин на дејствување на црквата, кој многу се разликува од средновековниот неучествувачки модел кој денес се наоѓа во пространа употреба. Бидејќи саботното утринско богослужение е првенствена активност на повеќето денешни адвентисти, тоа би можело да значи дека треба да создадеме потполно нов модел на црква во сабота наутро. Ние ќе го проучуваме таквиот модел нешто подоцна во оваа книга. Сѐ што пра-

виме во сабота мора да биде сторено со намера да ја изградиме својата заедница со Бога во заедништво со нашите меѓусебни односи како христијани. Сите дејности треба да се испитаат во светлината на таа функција. Според тоа, треба да испитаме што всушност правиме во сабота наутро за да си поставиме едно важно прашање: дали таа активност ја изградува заедницата? Тоа не значи дека нашите активности што не ја изградуваат заедницата се лоши. Меѓутоа, ако се занимаваме само со работи што не ја изградуваат заедницата, ние ќе ја промашиме суштината на она што значи да се биде црква –живеењето во заедница.

Апостол Јован суштински објаснува која треба да биде основната цел на собирањето на верните:

„Она што беше од почетокот, она што го чувме, она што со очите свои го видовме, што го разгледавме и што рацете наши го опипаа, за Словото на животот – и животот се јави, и видовме, и сведочиме, и ви го навестуваме вечниот живот, кој беше во Отецот и нам ни се јави – она што го видовме и го чувме, тоа ви го навестуваме, та и вие да имате заедништво со нас; а нашето заедништво е со Отецот и Неговиот Син, Исус Христос". (5)

Дури и апостол Јован препознава дека суштинска функција на проповедањето на Словото е создавање вертикално и хоризонтално заедништво со Бога и еден со друг. Словото не се проповеда за да стекнеме интелектуално разбирање на одредени догми. Словото се проповеда за да може да се обнови заедништвото со Бога и со луѓето. Според зборовите на апостол Јован тоа е суштината на извештајот за создавањето и суштина на Христовата мисија. Нема да постои никаква црква доколку не се создаде вистинско заедништво.

## БЕЛЕШКИ:

(1) 1. Мојсеева 1,26.27.

(2) 1. Мојсеева 2,18.

(3) Judy Gorman, Community That is Christian; a Handbook on Small Groups (Wheaton, Il, Vicror Books, 1993) p.28

(4) Gorman, p. 107.

(5) 1. Јованово 1,1-3.

# БОЖЈИТЕ НАСТОЈУВАЊА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЗАЕДНИШТВОТО

Човечкиот род излегол од Божјите раце како совршено дело создадено според Божјиот лик. Бидејќи бил создаден според тој лик, човечкиот род морал да живее во заедништво со човечките суштества и со Тројството кое живее во заедништво. Едем постоел додека Адам и Ева живееле во вистинско заедништво со Божеството. Штом заедништвото со Божеството било нарушено, човечкиот род влегол во свет на нарушено заедништво. Овој прекин бил двоен: луѓето веќе не живееле во заедница со Бога, ниту пак едни со други. Библискиот извештај е приказна за Божјето настојување да го обнови прекинатото заедништво кое настанало како резултат на гревот.

Третата глава од 1. Мојсеева изнесува жална приказна за исчезнувањето на тоа невино заедништво. Штом Ева зела од забранетиот плод, брзо го убедила и својот маж да ѝ се придружи во гревот. Во нивното телесно срце нешто ги навело луѓето да се чувствуваат подобро ако не се сами во правењето зло. Сметале дека самите себеси се оправдуваат ако и другите ја направиле истата грешка.

Состојбата на невиност која е нагласена со голотијата на Адам и Ева открива дека биле потполно отворени еден кон друг и кон Бога – што претставува идеал на потполното заедништво. Уживале во целосна отвореност и невиност еден кон друг. Меѓутоа, штом нашите прародители згрешиле, забележале дека не се облечени и се обиделе да се скријат пред Бога (1. Мојсеева 3,6.7). Таа постапка го открива раскинувањето на заедништвото под вли-

јание на гревот. Отворените заедништва се многу ретки ако човечките суштества се обидуваат да го скријат своето вистинско јас пред другите и пред Бога. Христовата мисија била да го обнови она што било прекинато и да воспостави ново и отворено заедништво (Лука 4,18). Црквите што се вклучени во Христовата мисија ќе се обидуваат да воспостават отворено заедништво кое ќе потсетува на нашето едемско потекло.

На Адам и Ева никој не им кажал дека се необлечени. Тие вината си ја припишувале себеси но и на Бога, за кого сега сметале дека повеќе не е заинтересиран да ја одржи заедницата со нив. Познавањето на доброто и злото води кон изрекување на осуда. Токму тој дух го уништувал заедништвото во текот на човечката историја и претставува најголем разорувач на заедништвото во наше време. Оние кои живеат во грев секогаш се обидуваат да осудат некој друг во настојувањето самите да ја избегнат осудата за сторените зли дела. Таквото осудувачко однесување може да се види во канцелариите кога шефовите сакаат да ги обвинат подредените за грешките што сами ги направиле. Таквото осудувачко однесување се гледа и во домот кога мажот се обидува да ја обвини својата жена што не ги дисциплинирала децата. Се гледа и во црквата кога проповедникот се обидува да ја обвини црквата за своите пропусти, кажувајќи дека би извршил подобра работа кога би имал на располагање подобра црква. Сите тие обиди за обвинување разорно дејствуваат на заедништвото коешто Бог сакал да го оствари.

Исус дошол на нашата земја за да го помири човечкиот род со Бога и со него самиот. Како го направил тоа? Земајќи ја и не отфрлајќи ја вината од себе. Тој станал грев и самиот Тој ја примил Божјата казна за гревот. Не се обидувал да го обвини човечкиот род, бидејќи сакал да го обнови загубеното заедништво, а тоа можел да го постигне само со одбивање вината да им се припише на оние што ги осудуваат другите. Старешините кои можат да ја преземат вината и да не ја префрлаат на другите се старешини кои создаваат помирување. Во денешно време потребни се такви луѓе за водење на малите групи. Водачите кои возвраќаат со обвинувања ќе ги направат своите групи неуспешни, додека водачите кои покажуваат дека ги прифаќаат и ги сакаат другите ќе бидат во состојба да организираат успешни мали групи. Заедништвото се обновува кога обвинувањата кои се примаат не се возвраќаат;

додека заедништвото се губи кога во целата група луѓето се обвинуваат едни со други. Осудувачкото однесување е најголемо проклетство за секое вистинско заедништво.

Во Едем било изгубено вистинското заедништво, местото на кое припадниците на човечкиот род можеле да го запознаат Бога и еден со друг преку блиските меѓусебни односи. Бог го создал човечкиот род со цел неговите припадници да живеат едни со други во меѓусебна зависност. Разорното дејствување на нашето општество денес може да се види кај милиони луѓе во Црквата и надвор од неа кои се обидуваат да живеат независно, иако се создадени да живеат во состојба на меѓусебна зависност.

Како последица на тој дух на независност, кој владее со човештвото во нашето време, повеќето луѓе непрекинато ги изрекуваат своите осудувања еден кон друг. Од таа причина, денес е неопходно луѓето да пристапат кон групите за помирување, кои бараат водачи на малите групи кои нема да ги осудуваат припадниците на групата, туку ќе се обидуваат да организираат помирително заедништво кое Исус сакал да го воспостави. Една од функциите на малите групи е да обезбедат сигурно место на кое човештвото ќе може да се излечи од својата пропаст. Групите за помирување во кои луѓето одбиваат да се осудуваат едни со други, со силата на Светиот Дух можат да го вратат процесот назад. Луѓето што се обидуваат да живеат независно од другите и пропуштаат да станат членови на групите за помирување, не можат да се излечат од своето пропаѓање.

## ФОРМИРАЊЕ РАЗОРНИ ЗАЕДНИШТВА

Четвртата глава од Откровението го прикажува следниот чекор во спиралата на пропаѓање и загуба на заедништвото. Овде децата на Адам и Ева си изрекуваат осуда едни на други. Убиството е конечнен резултат на криењето од Бога и едни од други и претставува резултат на меѓусебното осудување. Токму затоа Исус кажува дека оној што се гневи на својот брат штотуку извршил убиство (Матеј 5,21.22). Доколку сакаме да ја сопреме поплавата на убиства во нашето општество, треба да ги учиме луѓето да престанат да се кријат од Бога и едни од други. Повеќето убијци се појавуваат во кругот на семејството. Тоа може да се припише на фактот дека семејствата станале нефункционални заедници

во кои преовладува индивидуализмот. Единствено обновувањето на вистинското заедништво во Црквата може да го спречи „убивањето“ кое се случува поради тоа што луѓето си изрекуваат пресуда едни на други. Но, бидејќи нефункционалноста на семејството се преселила во Црквата, многу цркви станале нефункционални заедници. Пропустот да се вложи труд за да се обнови вистинското заедништво, ја спречува Црквата во светот да ја одигра помирувачката улога која Бог сака да ја обнови.

Нефункционални цркви се појавуваат кога верниците живеат независно еден од друг, наместо да ја одржуваат меѓусебната зависност што ја застапува едемскиот идеал. Во нефункционалните цркви, кога некој верник ќе згреши, црквата станува подлабоко заинтересирана да изрече осуда на неговиот грев отколку да го спаси грешникот и да му помогне. Таквите цркви се подготвени да преземат црковни чекори и да изречат дисциплински мерки, но ретко се трудат да го спасат оној што паднал. Во нефункционалните цркви, кога проповедникот ќе доживее морален пад, црквата е премногу брза да преземе чекори за да го отстрани од неговото место кое само по себе е добро; меѓутоа, за неа, тоа претставува крај. Црквата реагирала и проповедникот-грешник е препуштен самиот на себе, за да ги трпи последиците на својот грев.

Во здравите цркви се преземаат соодветни мерки, но ранетиот грешник не е препуштен самиот на себе; црквата ќе се потруди да го врати проповедникот на правиот пат. Всушност, здравите цркви се повеќе заинтересирани да помогнат и да вратат на правиот пат отколку да изречат осуда. Тие се способни да го одвојуваат гревот од грешникот. Слично на тоа, во здравите цркви, на пример, верникот кој ќе згреши и почнува да пуши не заминува далеку од црквата затоа што се плаши од осудување. Место тоа, таквиот верник чувствува дека треба да доаѓа во црква, бидејќи таа нема да го осуди, туку ќе се потруди да му помогне да ја совлада својата слабост. Здравото помирително заедништво е идеал што му сведочи на светот дека црквата навистина го познава Исус. Грешниците го сакале Исус и ќе ја сакаат и црквата што ги применува Исусовите методи во постапувањето со грешниците.

Најдобар пример за тоа е библискиот извештај за жената која била фатена во прељуба. Наместо да ја осуди, Исус ја ослободил и ѝ кажал: „Оди и не греши повеќе!“ (Јован 8,11) Веднаш по овој извештај, евангелистот Јован го запишал настанот кога Исус раз-